# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**OLIGOGAL® Cr 100 mcg/ ОЛИГОГАЛ ® Cr 100 mcg**
**Капсула**
Дополнителен извор на хром

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Oligogal® Cr/Олигогал®Cr** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Oligogal® Cr/Олигогал®Cr?**
3.Како да го земате/употребувате **Oligogal® Cr/Олигогал®Cr?**
4.Можни несакани дејства (реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Oligogal® Cr/Олигогал®Cr**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Oligogal® Cr/Олигогал®Cr и за што се употребува?

Хромот е минерал од суштинско значење, кој спаѓа во микроелементи бидејќи во организмот се наоѓа во мала количина и е неопходен за нормално функционирање на човечкиот организам.

Хромот ги стимулира активностите на ензимите кои учествуваат во метаболизмот на јаглените хидрати, мастите, холестеролот и протеините. Најзначајна улога на хромот е подобрување на дејството на инсулинот (се зголемува бројот и чувствителноста на инсулинските рецептори) и одржување на нормално ниво на шеќер во крвта. Активна форма на тровалентниот хром во човечкиот организам кој има значајна улога во регулацијата на нивото на гликоза во крвта е сложен органски комплекс - GTF (Glucose Tolerance Factor - фактор на толеранција на гликоза). Освен тровалентниот хром, во состав на факторот на толеранција на гликоза влегува и витаминот $B_3$ и глутатионот.
Истражувањата покажуваат дека хромот може да го зголеми нивото на HDL (добриот) холестерел со можно намалување на содржината на вкупниот холестерол и ризикот од кардиоваскуларни заболувања. Хромот го манифестира и поволното влијание на намалување на телесната тежина и зголемување на мускулната маса.

**Oligogal® Cr/Олигогал®Cr** капсулите се препорачуваат:

- на дијабетичари со цел за зголемување на ефикасноста на инсулинот и намалување на зголеменото ниво на шеќер во крвта,
- на лица со зголемен ризик за појава на дијабетис (намалена толеранцијата на гликоза, дебелина, висок крвен притисок, зголемено ниво на маснотии во крвта),
- на дебелите луѓе со цел за подобрување на подносливоста на гликозата, намалување на телесната маса и регулирање на нивото на холестеролот,
- на спортистите со цел за зголемување на мускулната маса и сила, обновување на резервите на енергија во мускулите и подобро „согорување" на мастите,
- на срцеви болни во фаза на опоравување после срцев инфаркт кога се јавува недостаток на хром,

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- на лица кои се хранат неправилно со цел за одржување на нормална содржина на хром во организмот и спречување на пореметувања предизвикани со неговиот недостаток.

Хромот допринесува за одржување на нормално ниво на гликоза во крвта.
Хромот допринесува за нормален метаболизам на макронутриенти.

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Oligogal® Cr/Олигогал®Cr?**
**Немојте да го земате/употребувате Oligogal® Cr/Олигогал®Cr:**
**Oligogal® Cr/Олигогал®Cr** капсулите не смеат да ги користат лица алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Oligogal® Cr/Олигогал®Cr**
Бојата Е 104 може неповолно да влијае на активноста и концентрацијата кај децата.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на **Oligogal® Cr/Олигогал®Cr** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои ингридиенти на Oligogal® Cr/Олигогал®Cr**
Бојата Е 104 може неповолно да влијае на активноста и концентрацијата кај децата.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Oligogal® Cr/Олигогал®Cr?**
Дијабетичари и потенцијални дијабетичари: 2 пати дневно, наутро и навечер, по 1 капсули, пред јадење.
Должината на употреба е најмалку 4 недели, често 8 недели, а најчесто повеќе од 8 недели во зависност од состојбата на гликорегулацијата, односно отпорноста на инсулин.
Дозата на одржување е 1 капсула дневно.
Дебелите луѓе, спортистите, срцевите болни и лицата со несоодветна исхрана: 1 капсула дневно, пред јадење.
Должината на употреба е најмалку 4 недели. Може да се користи подолг период.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Oligogal® Cr/Олигогал®Cr**
Ако приметите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## 5.Чување и рок на употреба на Oligogal® Cr/Олигогал®Cr

Да се чува во оригиналното пакување.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба:**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

## 6.Дополнителни податоци за граничен производ

**Состав на граничен производ**

| Состојка | 1 капсула | %ПДД* |
|---|---|---|
| Хром | 100 μg | 250 |

*ПДД- препорачана дневна доза

Состојки: средство за зголемување на волуменот: микрокристална целулоза; желатин; пченкарен скроб; стабилизатор: поливинилпиролидон; средства против згрутчување: магнезиум стеарат; колоиден силициум диоксид; хром(III) хлорид; бои: Е 171, Е 132 и Е 104.

**Изглед на граничен производ и пакување**
Тврди, непровидни, желатински капсули N°3, со светло зелено тело и капа, полнети со бел или скоро бел прашок со видливи зелени точки.
Кутија со упатство и 3 блистери(Al/PVC-PVC) со по 10 капсули.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:**
Галеника а.д. Београд , Батајнички друм б.б., 11 080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ